Милева ЃУРОВСКА УДК: 304-027.511

# СОЦИОЛОШКИТЕ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈТА

***Кратка содржина***

*Социолошкиот аспект во анализата на глобализацијата се состои во тенденцијата да бидат интегрирани различните аспекти (економскиот, политичкиот, техничкиот, еколошкиот) при проучувањето на современиот свет како свет на поврзани поединци, поврзани претпријатија, поврзани институции и органзации. Во оваа концепција до израз доаѓа една оптимистичка димензија на глобализацијата и една песимистичка димензија на глобализацијата кои сè уште се споени на механички начин. Во вој труд се презентирани неколку размислувања за заснованоста на оптимистичките визии за глобализацијата, а врз што песимистичките видувања на глобализацијата. Презентиран е и македонскиот случај на глобализацијата каде се забележува висок процент на социјален ризик што е една од последиците на глобализацијата. Анализата е поткрепена со податоци од СЕЕССП анкетата реализирана во Република Македонија во 2003 година.*

***Клучни зборови:*** *ГЛОБАЛИЗАИЈА, ГЛОБАЛНА ПОВРЗАНОСТ, ГЛОБАЛЕН СВЕТ, ЛОКАЛНА СРЕДИНА, ГЛОБАЛНИ РИЗИЦИ, НЕВРАБОТЕНОСТ, СИРОМАШТВО.*

Глобализацијата станува општ теориски концепт во рамките на кој се спознаваат и се осмислуваат современите општествени случувања. Се чини дека генералниот концепт на глобализацијата го осмислува современиот начин на живеење во сите подрчја. Како процес кој го поттикна и го интензивира заедничкото дејствување на луѓето кои живеат на големи раздалечености менувајќи го целосно локалниот *хабитус*, глобализацијата се повеќе станува теориска парадигма која го дава резонот на случувањата (raison d'etre). Всушност станува збор за една универзална парадигма која подеднакво се применува во објаснувањето на случувањата во доменот на природата (екологијата), во доменот на технологиите, човековото здравје и општевото во целина. Така, на пример, веќе не е можно да се размислува за развој на претпријатието а при тоа да не

се следат промените во доменот на технологиите, промените во доменот на светските правни регулативи, да не се познаваат содржините на различните култури, да не се следат социјалните движења и начините на нивното разрешување, да не се внимава на еколошките директиви или да не се познаваат глобалните политички состојби.

Употребата на терминот глобализација денес станува се помасовна. Од академската средина овој термин се почесто го слушаме и во вокабуларот на обичните луѓе кои своите дневни случувања ги поврзуваат со случувањата на светско ниво. Резултатите од изборите, карактерот на економската политика, стратегиите за надминување на сиромаштијата, цената на одредени стоки и услуги, висината на платите и образовните програми се поврзуваат со одредени глобални тенденции. Го живееме нашето секојдневие со свеста дека случувањата во нашиот семеен живот, односно образованието на децата, лечењето на болестите или слободното време се поврзани со состојбите на светски план. Така, на пример, работниците во *Фени Индустри* се живо заинтересирани за цените на феро-никелот на светските берзи. На паузите за ручек тие на екраните ги следат движењата на цените на овој производ што тие го произведуваат бидејќи и нивната плата е тесно поврзана со движењата на цените на светските берзи.

Меѓутоа концептот на глобализација сè уште е недовршен. Главно се забележуваат две димензии. Едната димензија е **оптимистичката**, која ги третира позитивните аспекти на глобализацијата. Во оваа варијанта на глобализацијата светот е поврзан т.е. луѓето без технички и други ограничувања можат да комуницираат и да воспоставуваат регуларни контакти (институционани и вонинституционални). Без недостиг на воодушевување, оптимистите навистина светот го гледаат како едно *глобално село,* свет кој се доближува пренесувајќи ги основните принципи на развојот насекаде во светот. Другата димензија е **песимистичка** и нуди слика на свет кој осиромашува, свет на доминација и експлоатација од страна на развиените земји, свет на големи социјални разлики и социјални дистанци, свет кој води кон имплозија на социјалното.

Не недостигаат факти за аргументирање на двете димензии. Ако се вратиме назад во епохата на развојот на индустријата и развојот на капитализмот ќе се забележи дека аналитичарите на тој период имале поделени мислења. Не бил мал бројот на аналитичарите кои го славеле индустриското општество истакнувајќи ги неговите позитивни карактеристики, но и на аналитичарите кои во

него виделе деградација, сурова експлоатација и алиенација. Се чини дека овие две различни видувања се доближиле во периодот на *триесетите славни години* (golden age) што настапи по Втората светска војна. Според вокубалорот на Улрих Бек (Beck 2002) тоа е фазата на „првата модерност" или (work based societies), општество кое стекнало легитимитетот од страна на сите групи во општество. Тоа е период кој се карактеризираше со колективен живот во рамките на една нација, полна вработеност, *welfare* држава, висок животен стандард за целата популација, но и целосна експлоатација на природата и приодните ресурси. Општеството во „втората модерност" кое настапи по 70-тите години на XX век, се уште не е дефинирано, а тоа значи дека сè уште се парцијални објаснувањата на промените кои се претставуваат како: економски кризи, зголемување на невработеноста, социјално раслојување на популацијата, социјална несигурност, индивидуализација, глобализација или *gender revolution* (U. Beck 2002). Веројатно методологијата на анализа каде подеднакво се истакнуваат двете димензии е сосема реална и оправдана за општествата во кои се случуваат длабоки промени. Во тој контекст У.Бек истакнаува: *Секој оној кој денес го дијагностицира колапсот, без да ги прифати новите нешта е слеп. Но и секој оној што зборува за новите достигнувања без да го препознае колапсот е наивен* (Beck 2002:17).

Некои аналитичари веќе зборуваат за постење на едно глобално општесво во кое се распознаваат односи на меѓузависност, поделби и структури. Интензивните и регуларните врски што се воспоставуваат меѓу поединците, институциите и организациите креираат односи на меѓузависност, процеси што до неодамна беа карактеристични за односите во рамките на едно поединечно општество. Така, веќе се препознава една глобална социјална структура т.е. односи на подреденост и надреденост, глобална дистрибуција на моќ, меѓународна поделба на улогите и на влијателно дејствување на многу меѓународни институции и меѓународни организации. Во тој контекст се зборува дека постои едно единствено (универзално) општество кое претендира за членови да ги опфати сите жители на планетата. Меѓутоа, на планот на теориските разгледувања на овие процеси сè уште доминираат компарациите меѓу нациите кои нудат статистички поредок на општествата. Сè уште суштинските анализи се заменуваат со подредување на статистички индикатори кои ги мерат и споредуваат општествата, но не ги објаснуваат. Тој поредок на земји наликува на перспективата во сликарството. На преден план се претставуваат земјите со висо-

ка вредност на индикаторите, во заднината, прикажани во мошне мала димензија се земјите со пониски вредности на истите индикатори. Станува збор за методологија која квантитативно ги претставува општествата, односно за методологија која речиси целосно ги запоставува социјалните форми и социјалните процеси кои се карактеристични за општествата. Овој начин на претставување на општествата е стерилен и не води кон откривањето на нивната суштина, а ниту ја разоткрива суштината на глобализацијата. Се чини дека во концептот на глобализацијата кој главно се темели на статистиката и индикаторите за човечкиот развој (human development indicators-HDI) е сосем непотребен терминот општество кој речиси целосно е заменет со терминот култура. Така, преку концептот за културата и културниот релативизам се прави обид за рехабилитација на посебноста на поединечните општества и последен обид да се сочува автентичноста на општевените содржини (P. Martin 1997) .

Меѓутоа, и покрај слабостите на квантитативниот концепт на глобализацијата, сепак хиерархијата направена според индикаторите за човековиот развој е реална. Во таа хиерхија се распознаваат земјите кои се глобални актери и играчи во глобалниот тим, и, земји кои се пасивни набљудувачи и консументи на последиците од акциите на глобалните актери. Во првите земји се подржува и се гради концепцијата за глобализацијата со оптимистичка димензија, а кај вторите главно доминира песимистичката димензија. Третата алтернатива, која во доктрините ќе ја препознаеме како „третиот пат“ (E.Gidens 2003), е хипотетичка. Таа претставува обид за теориско и програмско приближување на две доктрини: **неолибералната** која има силни аргументи во профитабилната стапка на капиталот кога тој слободно се движи низ единствениот светски простор, и на **доктрината за социјална регулација** која своите аргумети ги наоѓа во се побројната маса на невработени и социјално неосигурани луѓе, проблем кој претендира да биде глобален.

Нашата натамошна анализа ќе се однесува на некои карактеристики на глобализацијата на македонското општество. Според квантитативните критериуми (human development indicators) Македонија се карактеризира со ниски вредности на индикаторите за човековиот развој (според БДП таа е на 66 место во светскиот ранг). Според тоа како учествува во процесите на глобализацијата може да се каже дека нашето општество е консумент на акциите на глобалните актери, општество со специфични културни содржини кои ја намалуваат адаптибилноста кон брзите промени.

## Економскиот аспкет на глобализацијата: доминација на песимистичката димензија

Доколку општата дијагноза на општеството е: висока стапка на невработеност (36%), ниски лични доходи (49% од популацијата има доходи под 6.000 денари за еден месец)[1], неповолна структура на квалификациите која е прилогодена на веќе надминати економски системи (35% се индустриски работници) тогаш е сосем логична перцепцијата на глобализацијата во нејзината песимистичка димензија.

Според податоците од една анкета реализирана во 2003 година[2], анкетираните покажале крајно негативен став спрема економската глобализација. На прашањето: *Дали Македонија треба да го ограничи увозот на странски стоки за да го заштити своето призводство,* 85% одговриле позитивно. Глобалната економија во локалната средина се презентира преку глобалните цени на производите и услугите, преку високите стандарди за квалитет што ги наметнуваат водечките компании во светот кои неможат да бидат следени од домашните претпријатија, преку доминацијата на мултинационалните компании кои ги диктираат условите за работа со голема интензивност на трудот и ниски плати. Поради лошиот инвестициски амбиент во општеството и неадекватните економски политики на владите, мултинационалните компании се доживеани како закана за националните економии. Ваков став имале 55 % од респондентите. Во суштина глобалната економија е негативно перципирана.

Негативните перцепции на економските аспекти на глобализацијата на македонското население се аргументираат и со уште еден значаен факт. Имено 34,2% од анкетираните одговориле дека сегашната финасиска ситуација на домаќинството е многу полоша од онаа пред 1990 година, 18,2% одговриле дека е полоша, 20,0% одговориле дека е еднаква, 16,6% дека е малку подобра, а само 7,6% дека е многу подобра. Многу аналитичари овој факт го објаснуваат како носталгичност кон минатото. Меѓутоа тука не станува збор само за носталгичност кон минатото. Фактите говорот дека во голема мера луѓето се незадоволни од сегашната економска ситуаци-

---

[1] Извор: SEESSP (South East European Social Survay) Анкетата е реализирана во 2003 година во Р. Македонија.

[2] SEESSP (South East European Socail Survay) реализирана во соработка меѓу „Филозофскиот факултет“ од Скопје, „Универзитетот во Тромсо“ (Норвешка), финасиски поддржана од Норвешкото министерство за образование.

ја. Податоците од анкетата покажуваат дека 39,3% од анкетираните биле незадоволни од сегашниот животен стандард, 32,4% биле ниту задоволни ниту незадоволни, а 26,6 % биле задоволни. Сегашното незадоволство, отсуството на јасна перспектива кон иднината ги враќаат поединците во минатото.

Меѓу сите други опеделби транзицијата значеше отворање кон светот на земјите од комунистичкиот блок. За аналитичарите (Reinert 2006) со подигањето на *железната завеса* процесите на глобализација добија нова ударна сила. Глобализацијата стана реална и вистинска тогаш кога земјите од источниот блок се отворија кон останатиот дел од светот. Дури тогаш светот стана една целина. Така, транзицијата и глобализацијата за овие земји имаа речиси идентично значење. На пример, ако се потсетиме на вокабуларот на аналитичарите и стратезите во самиот почеток на транзицијата ќе се воочи многу честата употреба на зборовите: приватизација, слободен пазар, движење на капиталот, либерализација на цените, странски инвестиции и сл. Без сомнение, веднаш се препознава вокабуларот на неолибералната економија како водечка економска доктрина на глобализацијата. Економистите од *Новите капиталистички земји*, соочени со неразвиените социјални институции се водушевуваа од регулирачката моќ на пазарот од слободата што тој ќе ја донесе. Но тој вид на слобода што ја носи пазарот и глобализацијата Улрих Бек ја нарекува *детска слобода*, односно можностите за одлучување се ограничени и секогаш постои еден „повозрасен" кој кажува што треба да се прави. (U.Beck 2002: 18)[3]. Нема по депреимирачко во овие економии од тенденцијата да се усвои Американскиот модел, во кој доминира технолиберализмот, и да се примени како своја реалност во своите анализи истакнува францускиот економост Жан Гадреј, додавјќи: *Кој има интерес да ја развие идејата за добрата, и единствено за добрата страна на новата економија*? Одгворот е: *Тоа се менаџерите и оние кои работат во службите на капиталот, но кои не ги засега сите останати во општеството.* (J. Gadray 2000:37)[4]

Во земјите со долга либералната традиција (САД, Велика Британија) економската логика претставува норма (Esping-Andersen 2000). Таа логика многу тешко може да се имплантира во земјите кои немаат либерална традиција и во кои економијата е потполно неразвиена. Ако во економски слабо развиените земји пазрот е доминантна институција постои ризик тој да ги замени сите

[3] Freedom's cheeldren.

[4] Gadray Nouvelle economie, nouveau myth str 22.

други односи во општеството. Во такви услови пазарот претендира да постане *тотален општествен феномен* кој ќе ги детрминира процесите во политката, спортот, културата, земјоделството, бактериите, раѓањата, убавината, телото. Не е тешко да се најдат бројни примери за да се види како пазарот дејствува во доменот на политиката, примери за тоа како пријателствата стануваат објект на трансакции и калкулации, примери каде може да се купи спортски натпревар, да се купи љубовта исл. Нестабилноста на социјалните релации, неизградeноста на социјалните институции придружени со неповолната економска ситуација, влијаат на тоа пазарот да стане сè во општевото, а сè да биде пазар (K.Polanji 2003). Пазарниот пристап кон општеството, според Полани води кон деструкција на социјалните форми и природните ресурси.

**Глобализација на локалното, локализација на глобалното**

Според тоа колку темата за новите технолгии е застапена во анализите на современото општество без сомение може да се заклучи дека тие претставуваат оската на промените. Се оди до таму, според името на новите технологии да се именува и новото општество. Така, М. Кастелс зборува за информатичко општество (М. Кастелс 2006), а П. Дракер (П. Drucker 1996) зборува за општество базирано на знаење (Drucker). Несомнено функционирањето на современото општество во сите свои активности (производство, транспорт, финансии, образование, наука) е зависно од примената на новите технолгии. Една од најголемите придобивки на новите технолгии е што тие станаа сретство за брзи и чести комуникации кои ги доближија луѓето, институциите и културите. Како резултат на оваа регуларна комуникација и размена на информации општествата почнаа да личат едни на други. На пример, богатите насекаде во светот, од Холивуд до Пекинг, споделуваат еднаков стил на живеење. Богатите се препознаваат по високите огради на луксузните вили, по луксузните автомобили и по тенденцијата да уживаат во удобностите кои ги нуди современиот живот. Нивната леснотија (лежерноста) во живеењето потекнува од сигурноста. Нема простор за грижи, големината на богатството може да ги покрие трошоците за луксузен живот на наредните четири генерации на потомци. (P. Martin 1997). Во општествата кои штотуку станаа капиталистички, оваа тенденција е уште повидлива. Може да се заклучи дека, богатите сè уште не воспоставиле нужна дистанца со останатиот дел на општевото, или намерно настојуваат на своите

довчерашни соседи (пријатели) да им го покажат сопствениот успех. Во овие средини експлозијата на приватното и приватноста целосно ја потисна јавната сфера. На пример, големите базени за пливање од јавен карактер се затворени. Никој нема интерес за нив бидејќи оние кои треба да управуваат со нив имаат свои сопствени базени. Огромните домови на културата се напуштени и празни, морбидни споменици на времето на простиот, егзистенцијален реализам. Младите ги преферираат тесните дискотики и барови во кои се консумираат различни светски стилови: рок, панк, џез, хеви метал. Нема доволно место за сите, но има доволно алкохол за сите. И домаќинките се наоѓаат пред голем предизвик. Во дадената *детската слобода* тие можат да избираат меѓу: Ariel, Bonux или Persil, или меѓу Kolgate, Signal или Aquadent, се разбира не е едноставно да се донесе одлука, а всушност им се очитува индифернтноста. Како да им е сеедно која мултинцаионална компанија тие ќе ја изберат. „Tout est partout“, (сè е насекаде) заклучува Питер Мартин. *Заведени сме од брзината, лежерноста, удобноста, и комодитетот кои станаа глобални вредности. За тие да се остварат не недостигаат средства и инфраструктура. Еден нов автомобил може да биде исто така релаксирачки, како и едно патување на егзотичните острови или во мистичните земји. Тоа е духовна структура која настојува да го елиминира секој напор и нелогодност. Сега истиот сон го сонуваат луѓето низ целиот свет.* (P. Martin 2000).

Меѓутоа, и покрај овие општи својства што важат за сите општества, од каде се добива импресијата за глобалното општество, пред нашите очи сè уште го гледаме конкретното т.е. локалното општество во својот сопствн, *вроден*, ритам. Робертсон беше во право кога преку терминот глокализација сакаше да да го потенцира и да го извлече на преден план локалното. Глобалните тенденции, кои секогаш носат висок степен на рационалност и јасно дефинирани цели, стануваат реалност преку перцепциите што локалната средина која ним ќе им ги даде. Така корстејќи го веќе баналниот пример за „Mekdonld's“, можеме да констаираме дека во Македонија тој многу брзо се трансформира во „Македоналд-с“, како што гласи фирмата на една нов ресторан за брза храна. Никој не се спротиставува на осветлените фирми и рекламите напишани на странски јазик. Всушност симболите на експлицитната култура (материјалната култура) први го освоија светот. Не е прашање на подобар квалитет да се биде облечен во светските марки. Во дискотеките е исто така изненадувачки. На музиката на

дискофолкот (од секаков вид) младите ги дигаат рацете во воздух видно поттикнати од содржината и ритамот. Не негодуваат кога на ред ќе дојде рок музиката или џезот. Може да се консумира сè.

Во сферата на трудот исто така можат да се забележат бројни примери на испреплетеност меѓу глобалното и локалното. Ќе го споменеме повторно примерот поврзан со *Фени Индустри*. Во 2001 година управувањето на оваа фабрика беше преземено од срана на француски менаџери. Овој факт за работниците претставуваше брзо влегување во глобалните процеси. Работниците се соочија со новите организациски принципи, со новите норми на исплата на платите, со новата култура на менџмент која ја донесоа менаџерите. Но, друга страна, исто така се забележува еден процес на адаптација на управата кон локалната средина и учењето на локалните норми и локалните перцепции. Професионалните менџери знаат дека една организација на работата која во една средина дава одлични резултати применета во некоја друга средина нема да ги даде истите резултати. Оваа менџерска екипа претходно реализирала повеќе истражувања за да ја спознае локалната средина за да може да го најде начинот како да ја внесат новата организација. Постигнатиот успех се должи на сознанијата за културата на работниците и културата на нивното окружување. Фактот дека покажале голем респект кон културата на локалната популација учествувајќи и самите тие во славењето на локалните празници и во практикувањето на ритуалите оствариле неопходен степен на социјална комуникација со работниците. Менаџерите не обидувајќи се да ги сменат старите претстави на работниците успеале да ги вметнат новите претстави поврзани со еден нов вид на економска рационалност кои произлегувале од новата организација.

### Македонското општество меѓу транзицијата и глобализацијата

Не навлегувајќи подлабоко во анализите на транзицијата би констатирале дека во Македонија транзицијата не е завршена. Тоа говори дека речиси цели 17 години ова општество се наоѓа во состојба на привремени структури, неразвиени социјални институции, намалена безбедност, изразена економска и социјална несигурност. На почетокот од оваа анализа беше истакнато дека се случи комерцијализација на целото општество и економизација на општествените односи. Пазарот навистина длабоко навлезе во општествените односи, но не и во доменот на економијата. Во еко-

номијата завледееја, а се чини дека сè уште владеат, партиски, семејни, роднински, политички и други односи. Меѓу клучните процеси кои ја продолжија транзицијата и неа ја направија многу тешка ќе ги напомениме: а) крајно неекономската распродажба на претпријатијата, односно приватизација лишена од било каква економска смисла која создаде енормна маса на невработени; б) етничкиот конфликт кој направи целосна конфузија на целите. Беше нормално во такви услови, дебатите за приватизацијата и економскиот развој да бидат заменети со дебатите за безбедноста, националноста, за етничките или за религиозните дилеми. Оваа состојба создаде една поинаква комуникација со меѓународната заедница т.е. претставување на државата пред светот на мошне неафирмативен начин.

Многу земји од нашето окружување се вклучија во глобализацијата преку меѓународните воени сили. Тоа влијаеше врз претставите на населението за глобализацијата, но и врз претставитена населението за тоа што претставува меѓународната заедница. Глобалното општество најпрво беше видено како милитаристичко општество. Според податоците од анкетата (SEESSP), 69% од интервјуираните имале став дека конфликтите се предизвикани од страна на високо развиените земји поради сопствени интереси. Тоа е една од причините поради која во овј период постоел отпор и кон Европската унија и кон меѓународната заедница. Табелата бр. 1 ги покажува ставовите на интервјуираните лица во однос на прашањето за присутноста на странските воени сили во сопствената држава. Како што може да се забележи не е мал процентот на лицата кои во овј период милслеле дека безбедноста во државата можат да ја гарантираат странски воени сили.

**Табела бр. 1:** *Дали треба во РМ да постои поголем број на странски воени сили?*

| | |
|---|---|
| Потполно согласен | 21,1% |
| Согласен | 27,4% |
| Ниту согласен ниту не согласен | 14,3% |
| Несогласен | 23,5% |
| Целосно несогласен | 9,3% |
| Не знае | 3,3% |

Во однос на ставот: *Минатото на нашето општество е нешто свето за нашиот народ*, 55,2% од анкетираните биле пот-

полно согласни со овој став, а 33% биле согласни. Тоа покажува дека овде историјата има сè уште многу големо значење,[5] а нацијата кај многумина е во центарот на вниманието. Со ставот: *Секоја нација треба да има сопствена држава* биле потполно согласни 56% од анкетираните. Без сомнение, во услови кога се засилени меѓунационалните конфликти прашањата поврзани со националниот и етничкиот идентитат стануваат витални прашања и основни преокупации на луѓето.

Македонија е мултиетничко општество. Врз конфигурацијата на етничките односи влијаеле повеќе фактори: историските, состојбите во регионот, а во поново време и меѓународниот фактор и глобалните тенденции. Во анкетата беше поставено и прашање за да се спознаат ставовите на популацијата за етничките релации во Регионот. Така на прашањето: *Дали постојат евидентни разлики меѓу Македонците, Бугарите, Грците, Србите?*, 46% од анкетираните мислеле дека постојат такви разлики. На прашањето: *За да го одбраниме нашиот национален идентитет, ние треба повеќе да соработуваме со земјите од словенскиот свет, одошто со западните земји*? 18% од анкетираните биле потполно согласни со овој став, а 21 % умерено го прифатиле.

Едно од прашањата што се наметна по конфликтот во 2001 година е прашањето за присутноста на тенденцијата за хомогенизација на населението според етничкиот состав. Во анкетата беше поставено прашањето: *Подобро е селата и градовите да бидат населени со жители од иста нација*? Со овој став целосно биле согласни 16% од анкетираните, а согласни 22%. Отвореноста за соработка со другите нации е поголема во доменот на бизнисите. На прашањето: *Подобро е луѓето кои заедно работат да припаѓаат на иста нација*? целосно согласни биле само 12 %. Доменот на трудот и економијата се фактори со поголема интегрирачка сила. Така еден Македонец и еден Албанец можат да бидат партнери во бизнисот.

Целокупната македонска популација има позитивен став спрема Евроинтеграциите. Во 2003 година, според податоците од SEESSP, 57% од популацијата сосем го прифаќала членство во ЕУ, а 33% го прифаќале умерено. Но на прашањето: *Дали за РМ е подобро повеќе да соработува со ЕУ отколку со САД*, целосно биле согласни 35%, а умерено согласни 30%. Значаен процент од

[5] Во нашата теорија за нациите се инсистира на поголема дистинкција меѓу народ и нација поради конфузијата што владееше во социјалистиќката теорија за нациите во СФР Југославија. На пример, македонска нација која индицира политичка дефиниција и македонски народ или албански народ кој добива етнички ентитет.

албанската популација во Македонија се определиле за американската алтернатива на глобализацијата.

### Ризиците од глобализацијата: паѓање на економијата, пораст на социјалните проблеми

Во 90 години во социологијата се водеа жестоки дебати за крајот на трудот. Така Џ. Рифкин (G. Rifkin 1996) предвидуваше дека во 2020 година во фабриките ќе работат само 2% од вкупно активната популација. Тој го предвидуваше крајот на трудот. Примената на новите технологии кои ја зголемија енормно продуктивноста на трудот, мобилноста на капиталот и влијанието на глобалниот пазар ги принудуваат претпријатијата да вршат крајна рационализација на работната сила. Од 1979-1993 во ЕУ вработеноста во доменот на производството се намали за 22%. Меѓутоа статистичките показатели покажуваат дека процентот на активна популација постојано се зголемува правејќи го трудот уште поприсутен во општевото. Во рамките на ЕУ општата стапка на партиципација на работната сила изнесува 70% (Ѓуровска 2006), што во главно се должи на вклучувањето на жените во доменот на трудот. Во истиот тој период стапката на невработенсот била највисока. Во ЕУ таа изнесувала 10%. Оттогаш во аналзите на трудот, наместо *одиtе* со кои се славеше големата продуктивност и богатствата што тој ги произведуваше, централна аналитичка категорија стана пазарот на трудот. Во централноста на терминот *пазар на трудот* се рефлектира победата на либерализмот кој и од работната сила направи чиста пазарна категорија. Всушност иако бројот на работната популација се зголемува бројот на работните часови се намалува. На пример во Германија во 1995 година бројот на работните часови бил за 4% помал од оној во 1955 година. Тоа се должи на: опаѓањето на работното време, појавата на атипични форми на трудот (part tajm јоб, работа со договор, повремени вработувања). Значи не станува збор за крај на трудот туку за крај на полната вработеност, крај на сигурните работни места, крај на регулираните работните односи, крај на социјалната сигурност (U. Beck 2002). Современото општесво е општество на масовна невработеност т.е. општество поделено на оние кои работат и оние кои не работат. Во групата на вработените мал е бројот на оние кои заработуваат многу. Доминантни се работните места за техничка подршка на големите бизниси (чувари, секретарки, техничари за обработка на податоци, агенти, домаќини). Во доменот на сигурните и високи платени работни места не ќе бидат повеќе од 10%

од вкупно вработените лица (U. Beck 2002). Централноста на пазарот на трудот во анализте го воведе програмскиот карактер на студирањето на трудот. Сега дискусиите се водат околу вработувањето и невработенста. Од анализа на општеството во целина се премина на анализа на одредени социјални фактори т.е. социјални мерки. Општеството се презентира преку програми, стратегии и планови што ги подготвуваат владите. Така мерките за зголемување на врабтливоста се општевени мерки. За да се привлечат инвеститорите се нудат социјални поволности: се намалуваат социјалните такси, се лимитира порастот на платите, се контролира улогата на синдикатот и штрајковите. Се протежираат форми на вработувањее од привремен карактер. Песимистичката визија Бек ја завршува со констатацијата: *Неолиберализмот не го решава проблемот на невработеноста туку само го заменува со: ниски плати, продолжена едукација, мала социјална сигурнсот, зголемување на разликите во платите.* Во тој контекст тој зборува за глобален економски ризик кој подеднакво се однесува на развиените и на неразвиените земји.

Претходно опишаните тенденции во сферата на трудот се преземни од анализите за развиените општества. Овде се поставува прашањето како се манифестираат ризиците од глобалниот пазар во економски понеразвиените општества? Повторно ќе се вратиме на нашиот case study, Македонија.

Статистичките податоци за економските движења во Македонија не даваат можности за пооптимистички заклучоци од оние кои ни ги презентира У. Бек за светските состојби.

**Табела бр. 2:** индикатори за економскиот развој на земјите во Регионот на западен балкана (Извор-Министерство за економија на Хрватска, www/gov.hr; 2005)

| Индикатори | Босна и Херцеговина | Србија и Монтенегро | Хрватска | Македонија | Албанија |
|---|---|---|---|---|---|
| БДП | $ 7,3 милијарди | $ 25,3 милјарди | $ 38,9 милијарди | $ 9 милијарди | $ 14 милијарди |
| БДП (пер цапита) | $ 1.900 | $ 2. 370 | $ 8.800 | $ 5.000 | $ 4.500 |
| БНП раст | 2,3% | 3% | 5,2% | 0,3% | 5% |
| БДП од земјоделство | 13% | 26% | 9.0% | 11% | 49% |
| БДП од индустрија | 40,9 % | 36% | 33% | 31% | 27% |
| БНП од услугите | 46,1 % | 38% | 58% | 58% | 24% |
| Стапка на индустриски раст | 7.0 % | 1,7% | 2,8% | -5% | 9% |
| Вкупно работоспособно население | 1.000. 026 | 3.000.000 | 1.700.000 | 1.100.000 | 1.280.000 |

Податоците од табелата погоре покажуваат дека и покрај конвергентноста на економските структури на земјите во регионот, Македонија во некои економски мерки заостанува зад другите земји со изразито висока стапка на невработеност. Користејќи ги податоците од SEESSP анкетата ќе додадеме дека 51% од вработените имаат плата под 6.000 ден. за еден месец, а 13 % не примиле плата последните три месеци. Стапката на сиромаштија со коефициент од 30%, заедно со податоците за ниските лични доходи укажуваат дека во Македонија се случува експлозија од социјални проблеми кои би претставувале голем проблем и за земјите со развиени економии.

Изгледите да се намали стапката на невработеност се многу мали. Имајќи ја предвид квалификационата структура на работната сила во Македонија, каде 55% се мануелни работници, може да се заклучи дека развојот во голема мера ќе зависи од мерките што ќе ги презме државата за активирање на популацијата и нејзинот функционално вметнување во економскиот систем.

Овде се поставува прашањето дали оваа ситуација во која речиси целосно доминира песимистичката димензија е производ на глобализирачките процеси т.е. на влијанието на глобалниот пазар, глобалната конкуренција или глобалните цени или, или спротивно на тоа, дека токму затовреноста на општеството и затвореноста на економијата довеле до таквите состојби? Дали може да постигне компромис меѓу оптимизмот на идеологот на глобализацијата Кеничи Охмае кој им препорача на владите: *Отворете ги вашите економии кон светскиот пазар и тоа многу брзо ќе ве доближи до развиените земји* (Харалмбос Холборн 2002), и на славниот економист Солов (Solow) кој предупредува: *САД препорачуваат слободен пазар за подобро да ги пласираат своите производи, но тие не покажуваат голем интерес за производите на другите земји* (P. Martin 1997).

(Рецензент: *проф. д-р Ило Трајковски*)

## БИБЛИОГРАФИЈА


**BECK** Ulrich, 2003, *New brave world of the work*, Oxford Press.

**BEK** Ulrich, 2001, *Rizično društvo*, Filip Višnič, Beograd.

**CASTELS** Manuel, 1999, *Fin de millénaire, L'ère de l'information*, Fayard, Paris.

**CASTELS** Manuel, 2001, *Le pouvoir de l'identité*, Fayard, Paris.

**COHEN** Daniel, 1997, *Riches du monde, pauvretés des nations*, Camps Flammarion, Paris.

**DRUCKER** Peter, 1996, *Postkapitalističko društvo*, Gradina, Beograd.

**ESPING ANDERSEN** G?sta, 2000, *Social Foundations of Postindustrial Economies*, Oxford University Press.

**FOKS** D;eremi, 2003, *Čomski i globalizacija*, IP Esotheria, Beograd.

**GADRAY Jean**, 2000, *Nouvelle Economie Nouveau Mythe*, Champ Flammarion, Paris.

**GIDENS Entoni**, 2003, *Sociologija*, Ekonomski fakultet u Beograd.

**GIDENS** Entoni, 1998, *Posledice modernosti*, Filip Visnić, Beograd.

**GRANOVETER** Mark, 2000; *Le marché autrement*, Desclee de Brouwer, Paris.

**GUROVSKA M.**, 2000, *TACTICS-Project* (Telecommunication and Communication Technology Industrial Comparative Study, In-Co Copernicus Programme, EU.

**GUROVSKA Mileva**, 2005, *L'analyse Sociologique des Relations Socioprofessionnelles en R. de Macédoine*, Recherche- Rapport pour Swiss Labour Assistance.

**GUROVSKA** M., 2004, *Culture and entrepreneurship in the Republic of Macedonia*, in Marian **NEZGODA** ed., *The Consequences of Great Transformation*, Jagiellonian University, Institut of Sociology;

**HARALAMBOS M., M. HOLBORN**, 2002, *Sociologija, Teme i perspektive*, Golden Marketing, Zagreb.

**HELD** Dejvid, 1997, *Demokratija i globalni poredak*, Filip Višnić, Beograd;

**MANDRAS** Henri, 1997, *L'Europe des Européens*, Gallimard, Paris.

**MARTIN** Hans – Peter, 1997, *Le piège de la mondialisation*, Babel, Paris.

**MARUANI** Margaret, 2001, *L'emploi dans une société de plein chômage*, Sociologie du travail, 40 ans après. Elsevier, Paris.

**POLANJI Karl,** 2003, *Velika transformacija*, Beograd.

**PLEVNIK** Jasna, 2003, Iza globalizacije, *Geoekonomija međunarodnih odnosa*, Golden marketing, Zagreb.

**RIFKIN** G, 1996, *La fin du travail*, PUF, Paris.

**REINERT, Erik S**, 2006, Globalna ekonomija; Beograd.

**SEEPSS**, 2003, (South-East European Political and Social Survey), Филозофски Факултет Скопје и Norwegian Council of Research.

**TOFLER** Alvin, Hajdi **TOFLER**, 2001, *Rat i antirat*, Paideia, Beograd.

**TILI** Carls, 1997, *Suocavnje sa drustvenom promenom*, Filip Visnic, Beograd.

**БАУМАН** Зигмунд, 1999, *Глобализациата*, Последиците за човека, Лик, София.

**ВЕБЕР** Макс, 1976, *Привреда и друштво*, Просвета, Београд.

**ГЕОРГИЕВСКИ** Петре, 1996, Социјална структура..., Социологија, НИО „Студентски збор“, Скопје.

**ГИДЕНС** Ентони, 2003, *Забеган свет*, Филозофски факултет, Скопје.

**ЃУРОВСКА М.**, 2006, *Социјалните аспекти на ЕУ Интеграциите: Со акцент на вработеноста и невработеноста во Република Македонија*, Годишен зборник на Филозофски факултет, Скопје.

**КАСТЕЛС** М., 2006, Мрежно опстество, Агора, Скопје.

**ОЛБРОУ** Мартин, 2001, *Глобалната Епоха*, Обсидиан, София.

**НАП** – Национален акционен план за вработеување во Република Македонија, 2004-2005, Министерство за труд и социјалнна политика на Република Македонија.

Државен завод за статистика на РМ, Статистички годишници (1995-2005).

Labour Market in RM, w.w.w.//http: Délegation of EU Commission in RM;

Mileva GUROVSKA

## L'ASPECTS SOCIOLOGIQUES DE LA GLOBALISATION

### Resume

*La spécificité de l'aspect sociologique dans les analyses sur la mondialisation est la tendance d'intégrer les difierents approches (l'aspect économique, l'aspect politique, écologique, technique) en nous présentant le monde contemporain comme un „un monde-une société" ou les individus, les entreprises, les organisations et les institutions sont reliées d'une manière régulière. Alors, dans cette conception de la mondialisation sont remarquables deux dimensions : l'une qui expresse l'optimisme, et l'autre qui expresse le pessimisme. Les deux dimensions sont reliées d'une manière mécanique dans une conception qui n'est pas encore achevée. Dans cette analyse nous allons présenté quelques réflexions sur genèse de l'approche qui nous apporte l'otimimisme et de l'approche qui se base sur le pessimisme. Il serait présenter une étude de cas de globalisation, c'est la société macédonienne ou sont manifestement visibles les risques sociaux de la globalisation. Cette analyse est argumente avec les données de l' SESSP enquête (South East European Social Survay) réalise en R. de Macédoine en 2003.*

***Mots clef:*** *MONDIALISATION, RAPPROCHEMENTS MONDIALE, LOCALISATION DU MONDIAL, MONDIALISATION DU LOCAL, RISQUES GLOBAUX, CHOMAGE, PAUVRETE.*